# ПОИМНИК

РАБОТОДАВАЧ - правно лице или негова организациона единица кое има седиште на територијата на Република Македонија или физичко лице кое има постојан престој на територијата на Република Македонија, кои вработуваат работници

САМОВРАБОТЕНО ЛИЦЕ - физичко лице кое врши самостојна економска дејност или професионална и друга интелектуална услуга од која остварува приход, за своја сметка

ЗЕМЈОДЕЛЕЦ - лице кое се занимава со земјоделска дејност и пристапило во задолжително социјално осигурување согласно со прописите кои ја уредуваат оваа област

НЕВРАБОТЕНО ЛИЦЕ - лице кое не е вработено, активно бара работа и ги исполнува условите предвидени со овој закон,

ДРУГО ЛИЦЕ КОЕ БАРА РАБОТА - економски активно или неактивно лице кое се евидентира во Агенцијата, но не бара активно работа и/или не е подготвено да прифати работа

ДРУГО ЛИЦЕ КОЕ БАРА РАБОТА ПОРАДИ ЗАГРОЗЕНО ВРАБОТУВАЊЕ - лице кое бара работа во текот на отказниот рок во случај на раскинување на договорот за вработување од страна на работодавачот, лице со работно место на кое му е откажан договорот за вработување од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слично) што се потврдува преку увид во деловната документација на работодавачот или лице кое склучило договор за вработување на определено време и чиј договор за вработување истекува најмногу за три месеци

ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА - надоместок за загуба на плата или приходи што се обезбедува врз основа на осигурување во случај на невработеност

ПАЗАР НА ТРУД - пазар во кој лицата кои бараат работа и поседуваат знаење, вештини и работно искуство се среќаваат со работодавачите што бараат кандидати за слободни работни места или одделни видови на работа за одреден паричен надоместок (плата) кои меѓусебно ќе го договорат

СПРОВЕДУВАЧ НА МЕРКИ - правно или физичко лице кое ги реализира активните мерки на пазарот на трудот

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - јавна установа која дава поддршка и помош и обезбедува услуги за учесниците на пазарот на трудот,

АГЕНЦИЈА ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ - приватна агенција за посредување за вработување во земјата и странство, со наплата

УСЛУГА ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО НАПЛАТА - самостојна економска активност, која ја врши лиценцирана Агенција за посредување за вработување, за која се добива финансиски надоместок

СТРАНЕЦ - државјанин на држава, која не е членка на Европската унија, држава која не е договорна страна на Договорот за Европската економска област и Швајцарската конфедерација

ГРАЃАНИН НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА - граѓанин на земја членка на Европската унија и членови на нивното семејство и граѓанин на држава која е договорна страна на Договорот на Европската економска област и граѓанин на Швајцарската конфедерација и членови на нивните семејства